# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

Период од 2023 до 2027

Сонцето грее подеднакво за сите

ООУ "Тошо Велков-Пепето"
Кавадарци

За работа на основното училиште
ООУ „**Тошо Велков – Пепето**“
Кавадарци




Септември 2023
**ООУ „ТОШО ВЕЛКОВ – ПЕПЕТО“ КАВАДАРЦИ**

## Преамбула

Основното образование се развива врз низа начела: право на бесплатно и квалитетно основно образование за секое дете, еднаквост, пристапност и инклузивност, обезбедување на квалитетно образование и меѓународна споредливост на знаењата на учениците, активно учество на учениците во општестениот животот, унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, мултикултурализмот, грижата за здравјето на учениците, заштита од дискриминација, автономност, компетентност и одговорност, изградено партнерство меѓу училиштето, родителите/старателите и единиците на локалната самоуправа.

Врз основа на **Законот за основно образование**, објавен во Службен весник н РСМ, бр.161 од 05.08.2019 година,односно:

**Член 49**

1. Основното училиште изготвува **Развојна програма** за работа.
2. Во **Развојната програма** за работа се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

Врз основа на **Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште** бр.18-6579, изготвен од Министерот за образование и наука (објавен 06.07.2020) изготвена е **Развојната програма** за работа на ООУ „Тошо Велков – Пепето“ Кавадарци.

| Развојна програма на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Тошо Велков – Пепето“ Кавадарци |
| Адреса | Ул. „Димката Ангелов – Габерот“ бр. 27 1430 Кавадарци |
| Телефон, e-mail | тел/факс 043 418 191 tosovelkovpepeto2020@yahoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | За период од 2023 до 2026 година |
| Број на ученици во училиштето | 578 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училиштен директор** | |
| Име и презиме | Сашко Пановски |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Микица Апостолова Јовановиќ |
| Потпис | |
| Датум | |

## Содржина

1. **Подaтоци за основното училиште**
   - 1.1. Идентификациони податоци за училиштето
   - 1.2. Историјат на основното училиште

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

# 1. Податоци за основното училиште

## 1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Тошо Велков – Пепето“ |
| Адреса | Ул. Димката Ангелов – Габерот бр. 27 |
| Телефон | 043 – 418 - 191 |
| Место, општина | Кавадарци |
| Веб-страница | www.pepeto.mk |
| Е-маил | tosovelkovpepeto2020@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 20 мај |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 4000m² |
| Училиштен двор (m2) | 6300m² |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 1000 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 578 |
| Број на паралелки | 30 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Две смени |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Општинското основно училиште „***Тошо Велков - Пепето***“ е лоцирано од десната страна на реката Луда Мара во непосредна близина на Општинскиот суд - Кавадарци.

Општинското основно училиште „***Тошо Велков - Пепето***“ започна со работа во септември 1984 год, а е изградено со местен самопридонес на граѓаните со цел да градот добие едно модерно училиште што ќе одговара на педагошките стандарди и норми.

Училиштето е градено наменски од тврда градба, а затоплувањето е со парно греење со тврдо гориво.

Од матичната документација на училиштето се гледа дека во училиштето до денес основното образование го завршиле повеќе од 3000 ученици.

Работата во училиштето се одвива во еден објект со внатрешна површина од 4000 метри квадаратни. Училиштето располага со дворна површина од 6300 метри квадратни од кои 2048 се уредена озеленета површина, а останатиот дел се спортски терени и патеки. Располага и со фискултурна сала со површина од 305 метри квадратни.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на редовна настава. Постојат соодветни просторни услови за реализирање на настава и за работа на наставниот кадар.

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик во две смени и тоа: од прво до петто одделение предпладневна смена и од шесто до деветто одделение во попладневна смена и обратно.

Училиштето и оваа учебна година според Законот за основно образование ќе организира прифаќање на учениците еден час пред наставата, како и час по завршувањето на наставата во согласност со потребите на родителите. Исто така училиштето ќе организира и продолжен престој за учениците од прво до петто одделение согласно барањата на родителите.

Во учебната 2023/2024 година се запишани 578 ученици, распоредени во 30 паралелки.

Во училиштето вкупниот број на вработени е 64 лица и тоа Директор, стручни соработници (педагог, психолог, библиотекар, логопед), наставници и административно технички персонал. Наставата во училиштето ја реализираат вкупно 48 наставници од кои 1 наставник ментор и 47 кои се со високо образование и 1 со вишо образование.

Наставните планови и програми по одделенија се реализираат – од прво до шесто одделение според новата Концепција за основно образование, а од седмо до деветто одделение според Кембриџ програмата и истите се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо со интеграција на еко - содржини и Меѓуетничка интеграција во образованието. Основното образование е во траење од девет години. Оценувањето на учениците од I до III е описно, од IV до VI комбинирано и од VI до IX бројчано.

Училиштето располага со 15 училници, 8 кабинети, фискултурна сала, училишна кујна, библиотека и современа лабораторија по техничко образование и природни науки.

## 1. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на квалитетот на наставата | 1.1 Користење на современи форми и методи на работа во наставата, од страна на сите наставници | √ | | | Наставниците проследија соодветни обуки за користење современи форми и методи на работа во образованието а нивната примена ја следи директорот и стручната служба |
| | 1.2 Опремување на училиштето со аудио - визуелни и други нагледни средства и технички помагала за потребите на современата настава | | √ | | Училиштето се опреми со 7 смарт табли, 10 проектори и лаптопи за наставниците, меѓутоа има потреба за дополнување со цел успешна реализација на новата концепција. |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Професионален развој на наставниците | 2.1 Едукација на наставниците за работа со деца | √ | | | Наставниците проеследија соодветни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | со посебни образовни потреби | | | | обуки, покрај тоа во училиштето има и образовни асистенти за поддршка на учениците со ПОП |
| | 2.2 Обука за современи форми и методи на работа во наставата | √ | | | Проеследени соодветни обуки |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Подобрување на условите за работа во училиштето (инфраструктура во училиштето) | 3.1 Реновирање на кровната конструкција на училишната зграда | | | √ | Недостаток на финансиски средства |
| | 3.2 Реконструкција и адаптација на постоечката кујна во современа училишна менза | | | √ | Недостаток на финансиски средства |
| | 3.3 Реновирање на простории за продолжен престој | | | √ | Недостаток на финансиски средства |
| | 3.4 Реконструкција на спортската сала на училиштето и нејзините дополнителни простории | √ | | | Се обезбедија финансиски средства за рекострусккција на спортската сала и |

## 2. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)

**SWOT анализа**

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| • Користење на разновидни наставни форми и методи за работа со сите ученици, како и користење на стратегии и техники на учење и поучување научениците;<br>• Современо уредена училишна библиотека/медиатека со читална, која располага со компјутер и има пристап до интернет<br>• Учениците со посебни образовни потреби работат со образовни асистенти кои заедно со наставниот кадар, стручната служба со кои ја совладува наставната предвидена содржина<br>• Соработка со родители преку индивидуални и спрема ефектот што е предвиден, и групни средби од страна на педагогот и психологот во училиштето што резултира со се помалиот број на неоправдани изостаноци.<br>• Училиштето системски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло) ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста; | • Нема спроведено МИО активности со други училишта;<br>• Недостаток на нагледни средства во наставата.<br>• Недоволна обученост на наставниците за интерно оценување по тежински нивоа.<br>• Голем дел од учениците од ромска етничка припадност не оправдано отсуствуваат од редовната настава и го зголемуваат бројот на изостаноци на ниво на училиште.<br>• Делумна вклученост на родителите и учениците во воспитно - образовен процес на училиштето.<br>• Членовите на УО немаат завршено обука за подобрување на компетенциите<br>• Не постои конзистентност при објавување на одлуки на УО<br>• Неусогласен Деловник за работа на УО со Статутот на училиштето<br>• Буџетот се следи на годишно, а не на квартално ниво<br>• Не постои практика за оддавање признанија и мотивација на вработените<br>• Евиденцијата во училишната библиотека не се води електронски |

| | |
|---|---|
| • Училиштето соработува со родителите и локалната средина во врска оваа проблематика;<br>• Во училиштето постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна етничка припадност и социјално потекло;<br>• Училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности како преку разни манифестации, така и преку медиумите.<br>• Училиштето претставува безбедна и стимулативна средина за учење и работа, безбедноста, хигиената и грижата за здравјето на учениците и вработените е на високо ниво;<br>• Училиштето е вклучено во регионални и меѓународни училишни мрежи (преку Еразмус+, еТвининг и партнер училишта за проектот за меѓуетничка интреграција во образованието)<br>• Училиштето обезбедува потрошен материјал и наставни средства за реализација на наставните и воннаставните активности<br>• Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови<br>• Раководниот орган работи тимски<br>• Буџетот се користи за равојот на училиштето | • Не променета кровна конструкција на училиштето која е постара од 40 години<br>• Не реновирани простории за продолжен престој и простории за кабинети |
| **Можности (прилики) кои произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки (опасности) кои призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
| • Местоположба на училиштето<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Стручна оспособеност на кадарот, континуирано стручно усовршување на | • Намалување на бројот на учениците<br>• Заминување на квалитетен кадар од училиштето како резултат на намалувањето на бројот на учениците |

| | |
|---|---|
| вработените<br>• Промоција на училиштето - донори, спонзори<br>• Подобра промоција на училиштето<br>• Поврзување со останати училишта во градот и пошироко преку еТвининг и Еразмус програмите | • Недоволна финансиска поддршка<br>• Социо - економски услови на учениците<br>• Преголемо инсистирање на формалности во реализацијата на програмата<br>• Незаинтересираност на бизнис заедницата за поддршка и придонес во подобрување на условите за работа<br>• Зголемена ангажираност со работни и секојдневни обврски на родителите оневозможува нивно поактивно вклучување во училишниот живот на нивните деца |

## 3. Мисија и визија на основното училиште

### Мисија на училиштето е

*Училиште со едуциран кадар кој има позитивен однос кон работата, во кое преку квалитетна и современа настава се образуваат ученици кои стекнатите знаења можат да ги применат во секојдневниот живот и кои се воспитуваат во духот на соработка, толеранција и почитување на сите етнички заедници.*

Основното мото на училиштето е

***„Сонцето грее подеднакво за сите“***

### Визија на училиштето

*Модерно и современо училиште кое се стреми кон европски вредности со позитивна клима на работа и меѓусебно почитување, кое создава успешни, хумани, чесни и креативни граѓани коишто придонесуваат за развој на општеството, подготвени за соработка и соживот и толеранција со другите етнички заедници, без стереотипи и предрасуди.*

Визијата е достижна затоа што вработените имаат доверба во училишниот менаџмент.

## 4. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| Опремување на училиштето преку набавка на електронски уреди за подобрување на реализација на наставните содржини; | Со оглед на промените во образовниот процес и имплементацијата на новата концепција, потребата од внесување на нови дигитални уреди во секоја училница со цел постигнување на целите на образовниот процес, е се поголема. Во нашето училиште голем број на училници се веќе опремени, но сеуште има училници на кои им недоставуваат смарт табли, проектори но исто така и ТВ приемници кои го дополнуваат и осовременуваат начинот на презентација на наставните содржини.<br><br>Со оглед на тоа дека набавката на овие современи електронски уреди не зависи само од училиштето, потребно е да се ирзаботи соодветен проект преку кој училиштето би можело да аплицира за грант за набавка на истите а исто така да се обрати и до Локалната Самоуправа и бизнис секторот во нашиот град. |
| Зголемување на компетенциите на наставниците за оценување по тежински нива во одделенија и предмети каде што може да се рализира | Динамичните промени во сите сфери од нашето постоење, кои пред се сè должат на глобализацијата, ја наметнаа потребата од осовременување на воспитно образовниот процес.<br><br>Оценувањето на учениците по тежински нивоа е од големо значење како за учениците, така и за наставниците бидејќи преку овој вид на изведување на оценка се опаќаат повеќе фази од текот на зголемувањето на знаењето на учениците. Исто така воведувањето на тандем настава по предметот физичко и здравствено образование во одделенска настава, наставниците имаат потреба од дополнителна едукација во поглед на подобрување на нивните компетенции за оценување по тежински нивоа преку кои заеднички би дошле до крајна оценка која е реална. Според тоа училиштето треба да се фокусира на обезбедување на соодветна обука на наставниците кои имаат потреба од тоа со цел да ги зголеми нивните компетенции за оценување по тежински нивоа. |
| Да се превземат повеќе активности во кои активно ќе се вклучат учениците и родителите во наставниот процес, како и во воннаставните активности. | Со воведувањето на Новата концепција за основно образование се јави потребата од поголемо вклученост на и учениците и родителите во креирањето на воспитно –образовниот процес. При планирањето на активностите треба пред се да се земат во предвид интересите и можностите на учениците за реализирање на одредена активност. |

| | |
|---|---|
| | Истото би го подобриле со спроведување на анкети за учениците преку кои би ја согледале нивната заинтересираност за одредени воннаставни активности. |
| Планирање и реализирање на МИО и интеркултурни активности  активности | Со оглед на тоа дека нашето училиште веќе има едно партнер училиште за реализација на МИО активности но досега се реализирани мал број на активности, во следниот период потребно е да се насочиме кон зголемување и унапредување на активностите поврзани со мултикултурните и интеркултуните вредности. Тоа ќе го направиме со формирање на тим од наставници и ученици кои заедно со партнер училиштето ќе изработат годишна програма за работа.<br><br>Во годишната програма акцент би се ставил на организација на:<br><br>Спортски активности<br>Излети<br>Екскурзии<br>Посети на знаменитости<br>Настани од различен карактер - Еколошки и хуманитарни акции<br>Приредби и прослави за патронен празник исл.<br>Мултикутурни работилници и младински активизам |
| Организирање обука за членови на училишни одбори | Идентификување и утврдување кои членови на УО немаат посетено обука. Планирање на временски период и избор на консултанска куќа за едукација на членовите на УО. |

## 5. Дефинирани стратешки и развојни цели

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| Опремување на училиштето преку набавка на електронски уреди за подобрување на реализација на наставните содржини; | Подобрување на квалитетот на наставата |
| Реновирање на кровната конструкција на училишната зграда | Подобрувње на условите за работа и престој во училиштето со цел непречено одвивање на наставата |
| Реновирање на простории за продолжен престој и простории за кабинети | Подобрување на квалитетот на наставата |

## Од стратешки цели кон развојни цели

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Подобрување на квалитетот на наставата | 1.1 Подобрување на компетенциите на наставниците за оценување на учениците |
| | 1.2 Опремување на училиштето со аудио-визуелни и дигитални нагледни средства и помагала за потребите на современата настава |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Подобрувње на условите за работа и престој во училиштето со цел непречено одвивање на наставата | 2.1 Безбедна и стмулативна средина за учење на учениците |
| | 2.2 Подобрување на мтеријално техничките услови за рабоата |
| | 2.3 Реновирање на кровната конструкција на училишната зграда |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Подобрување на квалитетот на | 3.1 Перманентно осовремување на условите за работа |

| | |
|---|---|
| одвивање на наставата | 3.2 Создавање на поголеми услови за кабинетска настава во согласност со новата Концепција |
| | 3.3 Реновирање на простории за продолжен престој и простории за кабинети |

## 6. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

| Стратешка цел 1. Подобрување на квалитетот на наставата | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1** Подобрување на компетенциите на наставниците за оценување на учениците<br>**Развојна цел 1.2** Опремување на училиштето со аудио-визуелни и дигитални нагледни средства и помагала за потребите на современата настава | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Анализа на потребите на наставниците за зголемување на компетенциите за оценување по тежински нивоа | Конкретен број на наставници кои имаат потреба за обука за зголемување на компетенциите за оценување по тежински нивоа | Директор<br>Сртучна служба<br>Наставници | Во период од два месеци на почетокот на учебна 2023/24 | Прашалници за наставниците | Директор<br>Сртучна служба<br>Наставник ментор | Анкетни прашалници и чек листи со бодови |
| Обука за зголемување на компетенциите на наставниците за оценување по тежински нивоа во одделенија и предмети каде што може да се рализира | Зголемени компетенции на 30 наставници за оценување по тежински невоа | БРО и МОН (Каталог за обуки за професионален развој)<br>Соодветен провајдер | Во текот на две учебни години | Финансиски средства | Директор<br>Сртучна служба<br>Наставник ментор | Следење на часови од страна на директорот и стручната служба<br>Чек листи |
| Изработка на проект за добивање на финансии за | Одобрен грант за купување на | Тим за изработка | Во период од две до четири | Финансиски средства | Директор<br>Наставник | Ревизија на буџетот добиен |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| набавка на современи дигитални уреди | современи дигитални уреди | на проект: Зорица Милкова, Орхидеа Димовска, Претставник од Локална Самоуорава Претсавник од бизнис сектор на град Кавадарци | години | | ментор Претставник од Локална Самоуправа Претставник од бизнис секотор на град Кавадарци | од грантот за набавка на современи дигитални уреди-секретар<br><br>Тим од стручни лица |

| **Стратешка цел 2. Подобрување на условите за работа (инфраструктурата во училиштето)** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.1** Безбедна и стмулативна средина за учење на учениците<br>**Развојна цел 2.2** Подобрување на мтеријално техничките услови за рабоата<br>**Развојна цел 2.3** Реновирање на кровната конструкција на училишната зграда | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Идентификување на потребата од реновирање и поправка на кровната | Изработка на проект за реконструкција | Директор Локална самоуправа | Во период од почетокот на учебна 2023/24 | Финансиски средства | Директор Проектен тим | Предлог проект за реконструкција |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| конструкција | | МОН<br>Бизнис заедница | до крајот на 2023/24 | | Локална самоуправа<br>МОН | на кровната конструкција на училишната зграда |
| Проценка на потребните активности за реновирање на кровната конструкција | Изработка на предлог - буџет за реновирање на кровната конструкција од страна на стручно лице | Директор<br>Локална самоуправа<br>МОН<br>Бизнис заедница | Во период од почетокот на учебна 2023/24 до крајот на 2023/24 | Финансиски средства | Директор<br>Локална самоуправа<br>Директор<br>Локална самоуправа<br>МОН<br>Бизнис заедница | Предлог буџет за изработен проект и избор на најниска понуда |
| Обезбедување финансиски средства | Одобрен грант за реализирањето на реконструкцијата | Директор<br>Локална самоуправа<br>МОН<br>Бизнис заедница | Во период од две години | Финансиски средства | Директор<br>Претставник од Локална Самоуправа<br>Директор<br>Локална самоуправа<br>МОН<br>Бизнис заедница | Ревизија на буџетот добиен од грантот за реновирање на кровната конструкција на училишната зграда<br><br>Тим од стручни лица |

| **Стратешка цел 3. Подобрување на квалитетот на одвивање на наставата** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 3.1** Перманентно осовремување на условите за работа<br>**Развојна цел 3.2** Создавање на поголеми услови за кабинетска настава во согласност со новата Концепција<br>**Развојна цел 3.3** Реновирање на простории за продолжен престој и простории за кабинети | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Идентификување на потребата од простории за продолжен престој | Изработка на проект за реконструкција - проектен тим на училиштето | Директор<br>Локална самоуправа<br>Бизнис заедница<br>Грант програма од странски инвеститори | Во период од почетокот на учебна 2023/24 до крајот на 2024/25 | Финансиски средства | Директор<br>Локална самоуправа<br>Наставник-ментор<br>Тим од стручни лица | Предлог проект за реновирање на простории за продолжен престој и простории за кабинети |
| Проценка на потребните активности за реновирање на постоечките простории во училиштето | Изработка на предлог- буџет за реновирање на простории за продолжен престој и кабинети од страна на стручно лице | Директор<br>Локална самоуправа<br>Бизнис заедница<br>Грант програма од | Во период од почетокот на учебна 2023/24 до крајот на 2024/25 | Финансиски средства | Директор<br>Локална самоуправа<br>МОН<br>Тим од стручни лица | Предлог буџет за изработен проект и избор на најниска понуда |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | странски инвеститори | | | | |
| Обезбедување финансиски средства | Одобрен грант за реализирањето на реконструкцијата | Директор<br>Локална самоуправа<br>Бизнис заедница<br>Грант програма од странски инвеститори | Во период од две години | Финансиски средства | Директор<br>Наставник ментор<br>Претставник од Локална Самоуправа<br>Претставник од бизнис сектор на град Кавадарци | Ревизија на буџетот добиен од грантот за реновирање на простории за продолжен престој и простории за кабинети<br>Тим од стручни лица |

## 7. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

**Развојната програма ја изработија:**

- **Сашко Пановски** – Директор
- **Лилјана Шемова** – педагог
- **Зора Милкова** – наставник ментор
- **Фруска Пендева** - одделенски наставник
- **Пере Мелов** – наставник по музичко образование
- **Тошко Динов** – претставник од Совет на родители
- **Тодор Ефремов** – претставник од Локална Самоуправа
- **Мила Милкова** - претставник од Училишен парламент

Листа за проверка за учество на чинителите во процесот на подготвување на Развојната програма на училиштето

| | Училиштно раководство | Училиштен одбор | Воспитно образовен кадар | Ученици | Родители | Локална заедница |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СВОТ анализа | √ | | √ | | | |
| Мисија, визија | √ | | √ | | | |
| Разгледување на приоритети и селекција | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Дефинирање на цели | √ | | √ | √ | | √ |
| Изготвување на акциски планови | √ | | √ | √ | √ | √ |
| Изготвување на финалниот документ на Развојната програма | √ | | √ | | | |

Директор

Сашко Пановски

____________________

Датум

______________________________

Претседател на УО

Микица Апостолова Јовановиќ

______________________________